РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 11-1700/1
03-06-2025 20
Скопје

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**Сектор за меѓународна правна помош**
ул.„ Димитрие Чуповски“ бр.9, 1000 Скопје

**ВРСКА:** Ваш бр.22-1781/2024 од 23.07.2024 година

**ПРЕДМЕТ**: Мислење по Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, под бр.22-1781/2024 од 23.07.2024 година со кое барате мислење по предлог законот за изменување и дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на предлог-законот од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го дава следното

**М И С Л Е Њ Е**

Државната комисија за спречување на корупцијата од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019) во основа нема забелешки на предлог законот за изменување и дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја.
Со предлог законот се врши усогласување со член 25 став 2 од Конвенцијата на Советот на Европа од 2005 за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам.

Преку предложениот текст направени се измени во делот на надминување на констатираната неусогласеност на одредбите од постојниот Закон за меѓународна соработка во кривичната материја во областа на конфискацијата и повратот на имот во меѓународните постапки преку давањето приоритет на враќање на конфискуваниот имот на државата барател за цели на компензација на жртвите на кривичното дело односно враќање на имотот на неговите легитимни сопственици.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледување на предложениот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, Државната комисија укажува на потребата од номотехничко и редакциско подобрување на одредбата во во членот 3 со кој се изменува член 115 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја. Имено, со членот 3 став (1) од Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја се изменува членот 115 од Законот на начин што се додава нов став (2), а во ставот (2) на членот 3 утврдува дека: "Ставот (3) станува став (4)" , а всушност треба да гласи: "Ставот (2) станува став (3)".

Државната комисија смета дека предложениот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја е во насока на остварување на обврските кои Република Северна Македонија ги преземала со ратификувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам и Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата.

**Заменик претседател,**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: С.И.-советник
Проверил: А.С- раководител на одделение
Контролирал: Б.В.Б-помошник раководител на сектор
Одобрил:М. К.-раководител на сектор